# ЗАНАЕТЧИЈА




Весникот го издава Занаетчиска комора Скопје

занаетот наша иднина

Занаетчиска Комора Скопје

Број 16 | Март 2010 | e-mail: zanaet@unet.com.mk



**Хрватската премиерка Јадранка Косор на штандот на ЗК Скопје на саемот VIROEXPO**

**15.** Меѓународниот саем VIROEXPO се одржа во Вировитица – Хрватска од 22 до 24 јануари 2010 год. и е трет најголем саем во Р.Хрватска на кои се остваруваат контакти за развој на целиот регион...

повеќе на страна 2



**10 години постоење на Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија**

По повод 10 години постоење на Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија, Занаетчиската Комора Скопје учествуваше со обраќање од страна на претседателот г-дин Никола Петров на тема Занаетчиството - важна гранка на стопанството во Р. Македонија...

повеќе на страна 3



**Дводневен стручен семинар за козметичари ученици и козметичари мајстори**

Во рамки на Партнерскиот проект на Занаетчиската комора Скопје со Занатчиската комора Кобленц Скопје се одржа стручен семинар за козметичари ученици и козметичари мајстори, семинарот го водеше г-ѓа Јасмина Иванова од Бугарија, Преседател на Занаетчиската комора Враца...

повеќе на страна 4



## Советување за користење на средства од ИПАРД Програма 2007-2013 година

На ден 08.02.2010 година се одржа првото советување за занаетчии од руралните подрачја кои се можни корисници на ИПАРД програмата 2007-2013 согласно Упатството за корисници на средства од ИПАРД програмата 2007-2013 година. На првото советување беа повикани 20 занаетчии кои имаат регистрирано седиште за вршење занаетчиска дејност во руралните подрачја на град Скопје, согласно упатството во кое се наведени сите рурални подрачја од кои можат да аплицираат нашите членови занаетчии за користење на ИПАРД средства од мерката 302 во која влегуваат занаетчии кои се занимаваат со традиционални занаети во рурални средини. Во тек се и индивидуални разговори, припреми и изработка на деловен план за аплицирање во Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој при Владата на Р. Македонија. Рокот за пријавување на првата група апликанти е продолжен до 17 март 2010 година.



**-Празничен Базар-**
одржан од 26-29 декември 2009 година организиран по повод Божиќните и Новогодишните празници во Изложбениот простор на Занаетчиската Комора Скопје во соработка со нашиот партнер







## Хрватската премиерка Јадранка Косор на штандот на Занаетчиска комора Скопје на саемот VIROEXPO

15. Меѓународниот саем VIROEXPO се одржа во Вировитица – Хрватска од 22 до 24 јануари 2010 год. и е трет најголем саем во Република Хрватска на кои се остваруваат контакти за развој на целиот регион.
На површина од 22.000 метри на отворен и затворен изложбен простор своите експонати и услуги ги преставуваа вкупно 700 излагачи од 18 земји.
Генерален покровител на саемот е Владата на Република Хрватска кој го помогнаа саемот да стане најзначаен саем во овој дел на Европа во чија организација е вклучен и самиот град Вировитица. Председателката на владата на Р.Хрватска–Јадранака Косор го отвори саемот, во присуство на потпретседателот на на Хрватскиот сабор - Владимир Шекс, потпреседателите на Владата и министри за финансии, шумарство и водостопанство меѓу нив присуствуваше и Амбасадорот на Република Македонија г-дин Данчо Марковски.
Саемот VIROEXPO се издвојува по својот меѓународен предзнак кој во 2009 год. е членка на EACE – Асоцијација на саеми на Југоисточна Европа . Овогодишна земја партнер на саемот VIROEXPO беше Република Словачка а останатите 18 земји меѓу кои учествуваа на саемот беа Босна и Херцеговина, Црна Гора, Чешка, Русија Полска, Словенија, Маџарска, Албанија и останатите земји учеснички.
За прв пат на VIROEXPO – 2010 год. Република Македонија учествуваше на овој јубилеен саем.
Занаетчиската комора Скопје на овој саем имаше свој изложбен простор на 12м$^2$ и ги застапуваше занаетчиите и фирмите кои се регистрирани во нашата комора. Со свои експонати беа преставени девет фирми и тоа: BUSI SILVER – производство на накит од сребро, DEKOR KRZNO - крзнени производи, теписи, папучи, ташни DERMASO – производи од кожа, DORA NOVA – филигран, GORDIJAN – производи од дрво, ILINKA - филигран, ROSA – производи од срма, KOLE – производство на обувки и Здружение на жени домаќинки со плетени производи.
Премиерката на Р.Хрватска Јадранка Косор го посети штандот на Занаетчиската комора Скопје и беше запозната со дејноста и работата на комората како и со дејноста што ја вршат занаетчиите кои се преставија на Македонскиот штанд.
Штандот на Занаетчиската комора Скопје беше посетен имаше премногу заентересираност за домашните ракотворби, беа оставрени и некои деловни контакти за понатамошна соработка.
Амбасадорот на Република Македонија Данчо Марковски со неговиот советник се задржаа со македонските излагачи и понуди помош од страна на Абасадата за воспоставување на деловни контакти со хрватски компани и на други пазари. Овој саем беше добра можност за промоција и афирмација на македонските фирми, како и склучување договори и промовирање на нивните производи.

Занаетчиска комора Кобленц, на кој зе-маа учество 30 занаетчии од секцијата на домашни ракотворби, со најразлични занаетчиски производи од областа на домашното ракотворење и тоа: керамички производи, везени слики со македонски народни мотиви, накит изработен од монистра, филигран, кожа, бисери и модни додатоци како колани, ташни и сл.
Свеченото отварање на Базарот се одржа на 26.12.2009 год. во просториите на ЗК Скопје, на кој беа присутни гости од многу институции, занаетчии и посетители.







## 10 години постоење на Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија

По повод 10 години постоење на Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија, Занаетчиската Комора Скопје учествуваше со обраќање од страна на претседателот г-дин Никола Петров на тема Занаетчиството-важна гранка на стопанството во Р. Македонија. На свеченоста на присутните гости им се обратија директорката на фондацијата за мали и средни претпријатија Г-ца Светлана Киревска, претставникот од Град Скопје г-дин Слободан Ќосев и претставникот на ЕУ г-дин Фуере.

На оваа манифестација беа истакнати битните сегменти од она што како знаење и искуство е внесено во нашето работење во изминатите години е континуирано креирање на нови партнерства, долгогодишна соработка со Агенцијата за подршка на претприемништво и со Министерството за Економија со кои заеднички се работеше на успешна имплементација на владините програми, пред се на ваучер програмата со која во изминативе години поддршка добиле повеќе од 1000 фирми и почетници во бизнисот кој отвориле сопствена фирма.

Од особена важност е и поддршката од сите меѓународни институции со кои соработувавме . По завршувањето на свеченоста претставници на Занаетчиската Комора Скопје имаа кратка средба со претставникот на ЕУ г-дин Фуере.







## Дислоцирање на Цветен пазар и изнаоѓање на нова локација

Занаетчиската комора Скопје, Секцијата на цвеќари беше иницијатор и партнер во сите активности кога се градеше Цветниот пазар кој доби статус на времен објект иако и тогаш се залагавме да се изгради објект од траен карактер. Предлагавме повеќе локации, но се одлучи за оваа локација и се изгради Цветниот пазар кој досега функционираше но сега треба да се руши, бидејќи на таа локација ќе се гради затворен пазар. Комората и цвеќарите се сретнаа со инвеститорот КАМФУД ДООЕЛ Скопје кој го добил земјиштето и ќе гради Пазарот и не информираше дека тие предвидуваат во тој простор да има и простор за продажба на цвеќе,но во која форма и кој облик незнаат и ќе биде најрано за една до две години.Бидејќи инвеститорот ќе врши подготвителни работи за да отпочне со градба тој бара локацијата да се пасчисти, а тоа значи да се дислоцира Цветниот пазар. Имавме средба со Градоначалникот на Општина Центар на која бевме информирани дека Општината има изготвено Програма за Цветен пазар како времен објект на локација спроти Нова Македонија или кај последна автобуска станица на линија 23, но Министерството за транспорт и врски ја има вратено и Општината повторно дотавила барање за одобрување на корегираната Програма и се надеваат дека ќе биде одобрена. На состанокот беа присутни и претставници од ЈП Паркови и зеленила Скопје бидејќи тие стопанисуваат со Цветен пазар.

Откако ќе биде одобрана програма за изградба на Цветен пазар, Градот Скопје е потребно да ја постави инфраструктурата на локацијата (вода,одвод,струја,санитарен чвор), а потоа ЈП Паркови и зеленила да ги постави времените објекти, за кои е потребно да се изготви проект.

Како ќе стопанисуваат цвеќарите ако се отпочне со рушење на постојниот Цветен пазар, а не се изгради друг пазар или сметате дека на Градот Скопје не му треба Цветен пазар.

Претставници на инвеститорот кој треба да гради на оваа локација ги посетиле цвеќариоте и усмено ги известиле дека за ден два ќе отпочнат со расчистување на локацијата а нема никаква најава каде ќе се гради Цветниот пазар и каде ќе стопанисуваат цвеќарите.Сега е период пред 8-ми март кога цвеќарите имаат веќе нарачано цвеќе, а немаат каде да го продаваат.

Поради сите овие причини бараме од сите релевантни фактори во државата Министерството за транспорт и врски, Општина Центар, Градоначалникот на Град Скопје, ЈП Паркови зеленила да се заложат понудената локација од Општина Центар кај последна 23 во Капиштец се подготви и таму се постават објектите од Цветниот пазар во кој ќе работат цвеќарите од градот и граѓаните ќе можат да добијат во било кое време квалитетна понуда на свежо цвеќе и цветни аранжмани се додека не се изгради затворениот пазар каде трајно ќе се реши проблемот со со цвеќарите или ќе се изнајде друго решение. Бараме Министерството за транспорт и врски го ја одобри Програмата на Општина Центар за локацијата спроти Нова Македонија, Градот Скопје да ја изградт потребната инфраструктура, а ЈП Паркови и зеленила ги проектира, изработи и постави времените објекти на Цветниот пазар,но тоа да биде во најкраток можен рок затоа што инвеститорот има рок според Законот за градење и ќе бара во најкраток можен рок да бара да се дислоцира Цветниот пазар.

Затоа предлагаме Министерството за транспорт и врски во најраток можен рок ја одобри програмата за изградба на Цветен пазар од времен карактер или да го одложи рокот на инвеститорот за период додека се реши проблемот со Цветниот пазар.

Бараме да се изнајде содветно решение за проблемот со Цветниот пазар.

## Ќе нè има, ќе нè нема...

ГРАДОТ Скопје и општина Центар сè уште не знаат каде ќе биде преместен Цветен пазар, иако на истото место веќе почна да се гради новиот Зелен пазар. Сопствениците на цвеќарниците стравуваат дека во скоро време градските власти ќе им ги урнат објектите и притоа нема да им одредат нова локација.

Во меѓувреме, фирмата „Кам фуд", која е сопственик на плацот на кој се наоѓа цветниот пазар, почнува да ископува за да го испита земјиштето на кое ќе се гради објект предвиден за зелен пазар.

Цвеќарите бараат да бидат дислоцирани во населбата Капиштец на последната автобуска станица на линијата 23 или пред Олимпискиот базен, но по неколкуте состаноци одржани со градските власти и со претставници од Министерството за транспорт и врски, губат надеж дека ќе се реши нивниот проблем.

- Како што мене ми изгледаат работите, Скопје ќе остане без цветен пазар, затоа што не е одредена локација. Ни покажаа допис од Министерството за транспорт дека треба да се расчисти локацијата, но за нова локација на цветен пазар нема никаков одговор од Градот - вели цвеќарот Љупчо Трајковски.

Анета Маневска, претседателка на дуќанџиите од цветниот пазар, вели дека иако се сместени во привремени објекти, редовно си ги подмируваат сите трошоци околу фирмите и дека повеќе од десет семејства живеат од овој бизнис.

- Друга работа е што од Холандија веќе направивме порачки на цвеќиња за осми март, што чини многу - велат цвеќарите.

Тие се плашат дека нивната судбина е во рацете на фирмата „Кам фуд" и дека општината во секој момент може да им ги сруши привремените објекти.

Александар Донев, одговорен за развој во „Кам фуд", потврди дека во моментов на неколку места вршат геомеханички испитувања и за тоа ги информирале пазарџиите. Одговорноста за цвеќарите тој ја префрли на Град Скопје, општина Центар и на Министерството за транспорт и врски.

- Не знаеме кога ќе добиеме одобрение за градба. Сè зависи од динамиката на испитувањето - додава Донев.

*Катерина Стојанова*



Повторно виси судбината на цвеќарите

## Златарите во посета на меѓународен саем за злато "GOLD ISTAMBUL 2010"

Занаетчиската комора Скопје организира посета на 3 традиционален меѓународен саем за злато "GOLD ISTAMBUL 2010" кој се одржува од 18.02.2010 - 21.02.2010 година во Истанбул Турција во соработка со АДОНИС и ТУЈАП ФЕРС од Турција.

За 15 посетители на саемот им беа покриени трошоците за сместување, влезници за саемот, трансфер од хотелот до саемот и свечен ручек на денот на отварањето на саемот, 18.02.2010 година. Патните трошоци беа на товар на златарите. Членови на секцијата златари при Занаетчиската Комора Скопје го посетија саем за злато "GOLD ISTAMBUL 2010", оствариja контакти со златари од Турција излагачи на саемот и со останатите учесници на саемот од регионот.

## Обврски кои произлегуваат од Законот за безбедност и здравје при работа

Согласно чл.11 од Законот за безбедност и здравје при работа секој занаетчија кој што сам работи во занаетчискиот дуќан односно нема работници има обврска да изготви изјава за безбедност за своето работно место. Изјавата за безбедност е документ кој ги опишува карактеристиките на работниот процес и содржи идентификација на опасностите и проценка на ризикот за безбедноста и здравјето на работното место и пропишува соодветни мерки на заштита.

Останатите обврски кои произлегуваат од Законот за безбедност и здравје при работа се однесуваат на работодавачот спрема неговите вработени.

Согласно Член 17 од Законот за Безбедност и здравје при работа, работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:

- назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност;
- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа;
- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи;
- донесување мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност;
- обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма;
- обезбедување опрема за лична заштита за вработените и нејзината употреба, доколку преземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни;
- вршење повремени прегледи и испитување на работната средина и опрема;
- следење на здравствената состојба на вработните (систематски преглед) на секои 18 месеци;
- над десет вработени, се избира еден претставник за безбедности и здравје при работа;
- обука за прва помош за едно лице до 20 вработени.

## Дводневен стручен семинар за козметичари ученици и козметичари мајстори (одржан на 12-13.12.2009 год.)

Во рамки на Партнерскиот проект на Занаетчиската комора Скопје со Занатчиската комора Кобленц Скопје се одржа стручен семинар за козметичари ученици и козметичари мајстори, семинарот го водеше г-ѓа Јасмина Иванова од Бугарија, Преседател на Занаетчиската комора Враца.

Стручниот семинар за козметичари ученици се одржа на 12 - 13.12 .2009 год. во Домот на занаетчии Скопје.

Семинарот се одвиваше во два дела првиот дел беше теоретски, а вториот дел практичен дел.

Тема на стручниот семинар беше:

1. Масажа и лифна дренажа при венозни заболувања;
2. Масажа и лифна дранажа при циркулаторни проблеми на лицето;
3. Антистрес терапии;
4. Улогата на хормоните на разни типови на кожа.

Поради големата заинтересираност и големото искуство што го покажа г-ѓа Јасмина Иванова, козметичарките –мајстори повторно ќе се организира семинар од страна на Занаетчиската комора Скопје и Занаетчиската комора Кобленц кој ќе потрае неколку дена, поради усовршување на теоретското знаење и практичното искуство во областа на козметиката.





## Преиспитување на Решенијата за радиодифузна такса за занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност

Бидејќи голем број занаетчии и вршители на занаетчиска дејност имаат добиено или пак немаат добиено решенија за радиодифузна такса, но им е блокирана жиро сметката и се наплаќа долгот со камата и трошоци за извршител бараме да се преиспитаат решенија затоа што **врз основа на член 146 од Законот радиодифузна такса плаќаат домаќинствата ,хотели и мотели, правни лица и сопственици на деловен простор на секои 20 вработени по една радиодифузна такса и угостителски објекти или други јавни објекти опремени со радио и ТВ премник.**

Занаетчиите се физички лица и не припаѓаат на ниту една категорија од овие субјекти кои би требало да плаќаат радидифузна такса што значи нема законски основ за наплата на радидифузна такса од занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност кои не се наведени во член 146 од Законот за радиодифузна такса.Во најголем број на занаетчии немаат ниту радио ниту ТВ приемник.

Втората категорија се занаети кои се бучни и немаат можност да слушаат или гледаат радио и тв. Третата категорија занаетчии се регистрирани на домашна адреса и дејноста ја вршат од место во место и плаќаат радиодифузна такса како семесјство и сега е потребно да платат уште еднаш.

Врз основа на погоре изнесената фактичка состојба поднесено е барање до МТВ за повлекување на сите решенија за радиодифузна такса за занаетчиите(кои се регистрирани во Регистарот на занаетчии) и вршителите на занаетчиска дејност (Трговци поединци и трговски друштва).

## Занаетчиите не се предвидени во Законот за градење

Со Законот за градење (сл.в.на РМ бр.130/09) со кој се уредува меѓу другото градењето и изведувачи во градењето испуштени се физичките лица кои вршат дејности од областа на градежништвото ,а тоа се сите кои се регистрирани во Регистарот на занаетчии кој го води Занаетчиската комора и трговци поединци кои се запишани во Трговскиот регистар.

Овие лица избрале правна форма на регистрација како физички лица, но тие се стопански субјекти со сите права и обврски и се запишани во Централен регистар на РМ, имаат фирма, деловно седиште, даночен број, жиро сметка, печат, водат книговодство,изготвуваат завршни сметки, ако работат со готовина имаат фискална каса, се даночни обврзници, тие се работодавачи и имаат работници колку што им е потребно кои се пријавени во Агенција за вработување, ФПИО, ФЗО, значи се што е потребно да го има еден стопански субјект.

Бидејќи никаде во законот за градење не се ставени како формна на стопанисување туку е пропишано дека изведувачи, проектанти, надзор се правни лица, како дека управител може да биде правно лице кое има лиценца и изведувач е правно лице. Овие одредби се против уставни затоа што другиве субјекти не се во рамноправна положба бидејќи неможат да ги вршат дејностите за кои се регистрирани иако ги исполнуваат условите пропишани со Законот за градење.

Поради овие причини бараме и физичките лица да можат да поднесуваат барања и добиваат лиценца за проектирање, лиценца за изведувач и лиценца за надзор доколку ги исполнуваат условите пропишани со Законот за градење, а во меѓувреме да се направи Измена и дополнување на Законот за градење и се вметнат и физичките лица.





## ОДРЖАН ПРАКТИЧЕН МОДУЛ ЗА СОЛАРНА ЕНЕРГИЈА ВО ГЕРМАНИЈА

Семинарот за обука за специјалисти на техники на соларни инсталации беше организиран во три модули, од кои првите два беа теоретски модули, а третиот модул беше практичен, со практична работа и монтирање на соларни колектори. Првиот модул беше одржан на 16.11.2009 година, на кој земаа учество 18 лица од Македонија, за специјалисти за соларна енергија и соларни колектори во организација на Балканската канцеларија, и се состоеше од теоретски предавања од страна на германски експерт од 16.11.2009 до 20.11.2009 година на тема фотоволтаик. Вториот модул на тема соларно затоплување се одржа од 25.01.2010 до 29.01.2010 година во Штип. Третиот е практичен модул и се одржа во Германија од 08.02.2010 година до 12.02.2010 година. Вкупно 18 лица од Македонија кои се обучија на семинарот за обука за специјалисти на техники на соларна енергија добија европски признати сертификати за инсталатери на соларна енергија.





## ЗЛАТАРСКО ФИЛИГРАНСКАТА РАБОТИЛНИЦА

Занаетчиската Комора Скопје во просториите на златарско - филигрантската работилница на Занаетчиска Комора Скопје организаира курс за обука, семинарот започна во јануари 2010 година. Обуката трае 6 месеци под раководство на мајсторот Атнан Рамадани. Да се зборува за филигранот треба многу да се пишува , но јас со кратки зборови ќе кажам за филигранот како традиционален занает во Македонија .Филигранот како техника за изработака на накит и други предмети датира од античката цивилизација. Разликата од поранешниот и сегашниот филигран е спојот на традиционалното со новиот израз (модерен филигран). Кандидатите што се на обука ги совладуваат првите филигрантски вештини: техники на обликување на жица, техники на моделираље, топење на метал, легирање и леење, ковање на железо како и дополнителни техники и изработка на прекрасен филигрански накит. Работилницата со која располага Занетчиската комора Скопје е опремена со сите потребни машини печка за топење на сребро до машинско извлекување, сукање и чукање на валц машина кои се потребни за изучување на овој занет. Бројот на заинтересирани за курсот по филигран е многу голем, различен е и профилот на пријавени и заинтерсирани на пријавени кандидати дизајнери, музичари, ликовни уметници.





Јас како инструктор се трудам да создадам работна атмосфера да ги обучам квалитетно да го совладаат изучувањето на филигранскиот занает, и да се заблагодарам на Занаетчиската комора Скопје што овозможуваат низ вакви проекти да ги изучат вештините и тајните на филигранот.

Александар Милев – ученик на обуката за филигран. За пријавување на курсот по филигран ме привлече деликатната изработка на производите што се изработуваат од филигран. Сакав да ги пробам моите вештини како и да се обучам квалитетно да го изучама занаетот и да ги спојам моите замислени дизајни со традиционаланата филигранска изработка на накит.

Прв пат се сретнувам со работа со метали, и сум премногу задоволен од курсот од инструкторот кои ни ги пренесува своите знаења и искуства од занаетот што го изучувам и подлабоко навлегувам во тајните на занаетот. Од голема помош за нас учениците кои го изучуваме курсот по филигран е и работилницата и машините со кои располага филигранската работилница,на кои можат да се изучуваат разните начини на изработка за да се дојде до краен производ и да направам спој на традиционалното со модерното.

## ДО КРАЈОТ НА 2009 ГОДИНА ИЗМИНА РОКОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЗАКОНСКА ОБВРСКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА НАССР СИСТЕМ

ЗК Скопје во текот на 2009 година и во 2010 година континуирано ја спроведува програмата за имплементација на НАССАР системот и процедури засновани на добра производствена и хигиенска пракса во соработка со Интегрирани системи за квалитет. Во рамките на оваа програма се одржаа неколку семинари на кои беа присутни и претставници од Дирекција за храна Др. Марина Домазетова и Божин Петревски кои беа отворени за прашања од занаечиите. Оние производители, трговци со храна односно занаетчии кои имаат прехрамбен бизнис кои до крајот на 2009 година, не ја исполниле законската обврска за отпочнување со воведување на НАССР системот **ризикуваат да бидат казнети согласно законот, од страна на државните инспектори за храна со високи парични казни, вклучувајќи и затварање на објектите**.

За да не се доведете во таква несакана ситуација за секакви нејаснотии и прашања поврзани со НАССР системот, обратете се во Занаетчиската Комора Скопје.

**ЦЕНОВНИК ЗА ХАЦЦП**

**1. КАТЕГОРИЈА Цена 33.000,00 - 42.000,00 денари**

1.1. Угостителски објекти - ресторани, млечни ресторани, пицерии, ќебапчилници и слаткарници;

1.2. Месарници - производство, обработка и конзервирање на месо, месарници и деликатесни продавници во кои се ракува со свежо месо, рибарници;

1.3. Слаткарници - производство на свежи слатки, сладолед и други замрзнати смеси, кисело млеко и млеко во домашни услови;

1.4. Пекари, производство на леб и пецива во свежа состојба,бурекџилници,мелници на брашно и сточна храна.

**2. КАТЕГОРИЈА Цена 15.450,00 - 26.500,00 денари**

2.1. Производство на кори, кадаиф, јувки и слични , мали бурекџилници.

**3. КАТЕГОРИЈА Цена 13.300,00 - 15.000,00 денари**

3.1. Чајџилници, кафетерии.

**4. КАТЕГОРИЈАЦена 9.400,00 денари**

4.1. Леблебиџии, семкари, улични продавачи на крофни, пуканки, костени, пченка и сл.

**5. КАТЕГОРИЈА Цена 9.800,00 - 33.000,00 денари**

5.1.Трговија на мало, колонијали, мини маркети, супермаркети, дистрибутивни ланци.

**Лице за контакт и информации:**
**Анета Атанасовска**
**Тел. за контакт:3237 850 или**
**моб.тел. 078 312-134**







## Извештај за работата на Занаетчиска комора Скопје 2009

**1. Манифестации во текот на 2009 година**
- 8-Мартовски Базар
- Новогодишен и Божиќен Базар
- Учество на секцијата на ракотворби на Светскиот Базар во Англија, Бакингамска палата

**2. Организација на семинари од различни области на занаетчиството:**
- Семинар за обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност во Југоисточна Европа одржан од 24-27 февруари 2009 година во Хисар, Бугарија
- Стручен семинар за готвачи
- Стручен семинар за козметичари на тема Spa i Wellnes
- Стручен семинар за мајстори-козметичари
- Семинар за ученици-козметичари од I, II, и III година од СУГС Димитар Влахов
- Семинар за обука за специјалисти на техники на соларни инсталации на 18 лица од Македонија,за специјалисти за соларна енергија и соларни колектори во организација на Балканската канцеларија, кој беше првиот модул од семинарот кој се состоеше од теоретски предавања од страна на германски експерт од 16.11.2009 на тема фотоволтаик до 20.11.2009 година. Вториот модул на тема соларно затоплување се одржа од 25.01.2010 до 29.01.2010 година. Третиот е практичен модул и ќе се одржи во Германија од 08.02.2010 година до 12.02.2010 година.

Лицата добија европски признат сертификат за инсталатери за соларна енергија.
- Обука за филигран
- Обука за компјутери за вработените за Excel, Power-Point, Corell-Draw
- Обука на вработените за електронското водење на регистарот на занаетчии
- Семинар за изработка на база на податоци за фирмите од Југоисточна Европа кои се увозно-извозно ориенирани во Ниш-Србија, во рамките на проектот Стопанска кооперација помеѓу РЛП и СОЕ

**3. Учество на саеми и организирано учество на деловни средби**
- Организирање на посета на меѓународен конгрес и саем за козметика во Белград
- Организирана посета на саемот за употребувана опрема РЕСАЛЕ карлсруе Германија
- Организирана посета на Меѓународниот саем Целје-Словенија 2009 година
- Организиран настап и учество на деловните средби во рамките на Меѓународниот саем Целје-Словенија 2009 година
- Организирана посета на фирмата БИ-СОЛ, Преболд, Словенија, ориентирана кон производство на соларни колектори и соларни електрани
- Учество на Занаетчиската Комора Скопје на ТЕХНОМА 2009 година со информативен штанд
- Организирање на македонско-словеначки бизнис средби на 15.10.2009 година-Занаетчиска комора Скопје во соработка со АППРМ, Агенција за инвестиции и развој на Р. Македонија, Словенечко-Македонски бизнис клуб и Обртна Зборница Словенија за време на одржување на ТЕХНОМА во два дела и тоа пленарен дел и бизнис средби. На македонско-словеначките бизнис средби земаа учество 21 (дваесет и еден) претприемач од Македонија и 6 (шест) претприемачи од Р. Словенија.

**4. Прогласени и верификувани први мајстори занаетчии**

**5. Имплементација на HACCAP систем кај занаетчии**

**6. Воведена нова услугата на Занаетчиската Комора Скопје- систематски прегледи и прва помош за занаетчии**

**7. Работа со проекти на АППРМ**
- Проект ВАУЧЕРСКО СОВЕТУВАЊЕ
- Проект за самовработување ( Проект на Владата на РМ, МТСП, и УНДП)

**8. Издавање на Весникот ЗАНАЕТЧИЈА по потреба заради информирање на занаетчиите.**

**9.Соработка со сите институции на државата и лобирање**
- Добиено соопштение од Министерството за финансии кабинетот на министерот за измена на Законот за задолжително социјално осигурување и намалување на минималната основица за плаќање на придонеси од 100% на 50% од просечната бруто плата во државата.
- Иницијатива до Град Скопје за ажурирање на податоците за физичките лица и правните лица поради блокирањето на жиро-сметки без претходно да добијат решение за комунална такса и намалување на комуналните такси, и иницијатива за намалување на комуналните такси согласно Одлука на советот на Град Скопје.
- Организирање на тркалезна маса со инспекциските служби и тоа (пазарен инспекторат, трудов инспекторат, финансова инспекција) на тема инспекцискиот надзор кој состанок беше одржан на 23.12.2009 година. Заклучоците од одржаниот состанок на кој беа присутни и занаетчии и други стопанственици беа доставени до сите инспекторати, како и до Владата на РМ, Министерството за економија, Управата за јавни Приходи, Министерството за Здравство-Дирекција за Храна и до МТСП- Трудовиот Инспекторат.
- Учество на Економскиот Форум на ДОМ- на кој беа разгледувани проблемите поврзани со инспекцискиот надзор од страна на сите инспекциски служби
- Учество на презентацијата на Предлог - Законот за инспекциски надзор во кој Занаетчиската Комора Скопје се вклучи со конкретни предлози за измени и дополнувања на предлог-законот за инспекциски надзор.
- Организирање на средба со претставници од Дирекцијата за Храна и занаетчиите кои имаат обврска за имплементација на ХАСАП, на кој состанок занаетчиите оствариja директен контакт со Дирекција за храна и беше одговорено на многу нејасни прашања.
- Занаетчиската Комора Скопје зеде учество во изработка на анкетни пршалници за изработка на Стратегија за имплемантација на ХАССАП системот
- Доставени коментари на предлог-Законот за вршење на дејности од мал обем до Министерството за Економија
- Учество на брифинг во МНР на тема визната либерализација во Р. Македонија – предности на визната либерализација во однос на занаетчиството во Р. Македонија.
- Доставени предлози до Министерството за труд и социјална политика за реализација на Оперативниот план и програма 2010 година
- Доставени писмени барања за појаснување на определени законски барања и одредби на Законот за безбедност и здравје при работа до Министерството за труд и социјална политика на кое занаетчиската комора доби писмено известување и брошури за делот работни односи и делот безбедност и здравје при работа.
- Доставени писмени барања за мислење до Министерството за финансии - Сектор за систем на утврдување и наплата на даноци за наплата на административните такси за решенијата, одобренијата, и уверенијата за престанок по сила на Закон кои ги издава Занаетчиска комора Скопје

**10. Пилот проект за спроведување на практична обука на ученици кај мајстори-занаетчии фризери и козметтичари**

**11.Одржливост на образовните центри на комората во рамките на партнерскиот проект на занаетчиска Комора Скопје со Занаетчиска Комора Кобленц-експертот Бурихтер ги посети Образовните Центри на Занаетчиската Комора Скопје и тоа: Златарско-филигрантската,пекарско-слаткарската и Мехатроничката работилница за да се согледа состојбата и начинот на користење со цел да се изготви стратегија за одржливост на Образовните Центри.**

**12. Нови активности и услуги на Комората**
- Комората воведе нова услуга за своите членови и тоа присуство на стручен соработник од Занаетчиската Комора Скопје, при вршење на контрола од страна на инспекциските служби при превземање на правни мерки: изготвување на жалби, приговори и слично.
- Комората организира обука за компјутери во Компјутерскиот Центар за своите членови според потребите на групата составена од минимум 10 лица.
- Комората посредува при склучување на договори за волонтери, невработени лица кои немаат вештини, компетенции и умееља за вршење на работни задачи кои се потребни за вработување во занаетчиските дуќани.
- Во Занаетчиската комора Скопје членовите можат да ги добијат сите потребни теркови за барања, пријави, решенија, одлуки и евиденција на работно време.

**13. Соработка со банките и другите финансиски институции за изнаоѓање на поволни услови за финансирање на занаетчиите.**

**14. Соработка со медиумите и организирање на прес-конференции**

**15.Создавање клима и услови за развој на занаетчиството.**

## ЗАНАЕТЧИИТЕ ВО ДИЈАЛОГ СО ДРЖАВНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ СЛУЖБИ



Занаетчиска Комора Скопје и Конфедерацијата на работодавачи на Р.Македонија организираа состанок – тркалезна маса на ден 23.12.2009 година со инспекциските служби на тема:**Занаетчиите и работодавачите во дијалог со државната инспекција**.

Целта на состанокот беше воспоставување на дијалог и соработка помеѓу занаетчиите стопанствениците, работодавачите и инспекторатот во услови на криза. По одржаните состаноци на секциите по дејности во Занаетчиската Комора се истакнаа многубројни проблеми и недоразбирања на занаетчиите со инспекциските служби, па поради тоа одржавме средба со претставници на инспекциските служби за да се разјаснат определени прашања при вршење на надзорот.Незадоволството кај стопанствениците-занаетчиите го предизвикуваат: високите казни, преголеми барања во законите, недореченостите во законот, и многубројни барања кои занаетчиите не можат да ги исполнат поради економската криза и лошата финансиска состојба.

На состанокот се донесоа следниве заклучоци:

- **Казните пропишани со законската регулативива се високи, несодветни на прекршоците, несодветни на големината на фирмите, директно се оди на казан нема рок за отстранување на недостатоците.**

Казните мора да се намалат и да бидат усогласени со тежината на прекршоците. Истите треба да бидат усогласени и со големината на фирмите. Не може фирма со тројца вработени да плати иста казна како фирма со стотина вработени.
Не смее инспектор да изрече казан без да даде опомена и разумен рок за отстранување на неусогласеноста со регулативата.

- **Организација на администрацијата, постапки и процеси на вршење на контрола, но и на жалба.**

Има голем број на административни органи со кои фирмите мораат да комуницираат при што се создава конфузија. Во разните комуникации со државниоте органи се бараат документи кои ги издаваат пак државни органи, и уште полошо, се бараат документи кои ги издава самата институција односно информации кои ги има самата институција. Во сите постапки во кои државата ги има информациите што и требаат истите не треба да се бараат од фирмите. Постапките / процедурите од вршење на инспекциите се честопати нејасни, недефинирани и се случува да се спроведуваат на непрофесионален начин при што инспекторите кон сопствениците се како кон криминалци а не како создавачи на нобва вредност. Некои од инспекторите не си ја познаваат проблематиката на работата. Поатапките / процедурите на вршење на инспекциите мора да бидат јасноi праведно поставени со регулатива ии да бидат достапни до фирмите. Инспекторите мора да бидат соодветно образовани обучени за спроведување на инспекциите. Нивното однесување мора да биде на највисоко професионално ниво. Потребно е да се спроведуват нивни континуирани обуки. Процесите на контролата мора да бидат спроведувани строго според пропишани постапки.

- **Селективност во определувањето на фирмите во кои ќе се врши контрола.**

Се случува некои фирми да се контролираат по неколку пати во текот на даден временски период додека други фирми воопшто не се контролираат. Има случаи каде се гледа дека има тенденциозност во вршењето на контрола и изречување на казни. Покривањето на сите фирми со контола мора да оди со ред и не смее да има тенденциозност во изречувањето на казните. Оватреба да се направи преку воведување систем на бирање на фирми за контрола, но и градење на постапките и процедурите кои ќебидат јавно достапни за фирмите. Географското распоредување на спроведувањето на контролите на фирмите мора да биде застапено и мора да има јавен отчет за спроведените контроли. Инспекциските служби треба кавартално да даваат информација на веб страна со статистички податоци за спроведените контроли.

- **Спроведување на казни**

Фирмите се неликвидни, изречените казни не можат да ги платат одеднаш. Готовинските текови на фирмите мора да се следат. Во друг случај фирмата умира поради неликвидност.

- **Инспекциските служби треба да изготват брошури кои ќе се доставуваат до работодавачите.**
- **Спречување на сивата економија со поголеми акциски контроли од страна на инспекциските служби.**

Овие заклучоци беа доставени до:Влада на РМ, Министерство за економија,Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за труд и ссоцијална политика, Пазарен инспекторат, Трудов инспекторат, Финансов инспекторат, и Дирекција за храна.
Занаетчиската Комора Скопје, укажа на престрогите казни го блокираат стопанството, да не ги казнува веднаш фирмите кои претходно не сториле прекршок и за нефлексибилноата на Управата за јавни приходи. За не соодветно го сметавме и тоа што казните не се еднакви за малите компании и за тие што имаат месечен приход од повеќе од милион евра .
Благодарност на Владата на Р. Македонија што ги послуша нашите барања да ја релаксира казнената политика и ја намали висината на казните што сега ги плаќаат фирмите за прекршување на законските прописи.

## Свечено прогласени први мајстори- занаетчии по трет пат

Занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност кои се пријавија , по спроведена интерактивна настава согласно Правилникот за прогласување на првите мајстори, теоретската настава од областа на работна педагогија, право и правни прописи во занаетчиството и економско работење (менаџмент, маркетинг, сметководство) свечено беа прогласени за први мајстори - занаетчии и им беа доделени мајсторски дипломи. За потребите на Пилот проектот потпишан помеѓу Занаетчиската Комора Скопје, Занаетчиската Комора Кобленц СР Германија, Министерството за образование и наука и СУГС Димитар Влахов беа доделени и Потврди за посета на теоретската настава за мајсторски испит на занаетчии фризери и козметичари кои ќе примаат ученици на практична обука.
Дипломите за првите мајстори свечено ги додели г-дин Љупчо Спасовски Раководител за основно и средно образование при Министерството за образование.Први мајстори ќе се прогласуваат од сите дејности до 31 март 2010 година кога престанува Правилникот за први мајстори и ќе се отпочне со полагање на мајсторски испит.







## Занаетчиска комора Скопје бара преиспитување на Одлуката за висината на комуналните такси на Град Скопје и Законот за комунални такси

При донесување на одлуката советот на Град Скопје имајќи ги во предвид одредбите од од Законот за комунални такси(сл.в.на РМ бр.61/04) Тарифен број 1 законодавецот дал можност да се одреди такса за фирма од 1.300 до 2.700 за физички лица кои вршат дејност и од 350 до 700 денари за оние кои данокот го плаќаат паушално,а за правните лица од 4.000 до 8.000 денари,а Советот за сите комунални такси за фирма спред статусот на субјектот го земал највисокиот износ,што сметаме дека не е во ред и дека и Советот на Град Скопје треба да даде допринос за поволни услови и клима за развој на стопанството или спречување на последиците од еконмската криза инаку во спротивно ќе се затворат голем број на фирми и тогаш не ќе има можност од кого да се наплати комуналната такса. Раководителот на Секторот за финансии на Град Скопје ги прими на разговор претставниците на Занаетчиска комора Скопје, на кој се договорија:

· Да се деблокираат сите жиро сметки;
· Плаќањето се одложи до 30 април 2010;
· Да се изготви евиденција на сите занаетчии и вршители на занаечиска дејност и да се достави до Градот Скопје;
· Градот Скопје да изготви решенијата за комунална такса за 2007, 2008 и 2009 год, кои ќе бидат во согласност со фактичката состојба;
· Долгот за комунална такса за 2006 год. неможе да се наплаќа бидејќи долгот е застарен.
· Новите решенија за комунална такса Градот скопје ќе ги достави до Занаетчиска комора Скопје и занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност ќе можат да си ги подигнат;
· Ќе се покрене иницијатива за промена на Законот за комуналњи такси во чие изготвување ќе учествува Комората со своите предлози.

За сите решенија за комунална такса за кои занаетчиите имаа основ за поднесување нна жалба, изготвени се жалби со сите докази и доставени до Министерство за финансии.







**САЕМИ ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ НА 2010**

- **КОСМОПОРФ-БОЛОЊА**

**Саем за фризерство, парфимерија и козметика**
**14.04 - 20.04.2010 год.**

**Цената изнесува 220 евра**

- **РЕСАЛЕ-2010 КАРЛСРУЕ 21-24.04.2010**

**САЕМ НА ПОЛОВНИ МАШИНИ**

**Цената изнесува 270 евра**

- **I H M – MINHEN**

**03.03. – 07.03.2010**
**САЕМ НА МАЛО СТОПАНСТВО ВО МИНХЕН**
**Четири саемски манифестации во ист период:**
**ЦВЕКАРСТВО, ГРАДИНАРСТВО МАЛО СТОПАНСТВО КАКО ХОБИ**
**МАЛО СТОПАНСТВО ЗА ПРОФЕСИОНАЛЦИ И МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКА**
**МАШИНИ ЗА МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКА**

**Цената изнесува 250 Евра**

**Во цената на аранжманот се вклучени и следните услуги:**

- **автобуски превоз со високотуристички автобус**
- **сместување- три ноќевања со појадок во хотел со 3*****
- **пратител на групата во текот на целото патување**

**НАПОМЕНА: Во цената не се вклучени трошоците за шенген виза (35 евра) ,патничко осигурување и влезници за саем.**

**Потребни документи за виза со стари пасоши:**
**-фотокопија од пасош**
**-здравствена книшка**
**- М1-М2 образец**
**- решение од Централен регистар**
**-извод од банка**
**- неколку фактури**
**- кредитна картичка со покритие**
**- 1 фотографија**

**Информации на тел.:3237 850;3222 957;3164 612;**

